

## ДОАЃАЊЕТО НА ЕВРЕИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА– (I ДЕЛ)

**Според пишаните документи првите Евреи пристигнале во Македонија за време на Римското Царство, кога Евреите пребегувале од Израел поради гонење. Најстар доказ за постоењето на Евреите во Македонија е старата синагога која потекнува од III век пр.н.е. и се наоѓа во античкиот град Стоби**

Еврејската заедница во Македонија добро котирала и во општеството на Македонија под Отоманската Империја кога дошол и втор поголем бран еврејски доселеници од Шпанија и Португалија.

Во текот на 1360 година, многу Евреи навлегле на Балканскиот Полуостров, прво, во Бугарија во Видин, Никопол, Плевен, а потоа се населувале во Сер и Солун, каде

еврејските општини биле многубројни. Овие еврејски емигранти биле од Унгарија, Германија, Полска  и Австрија - кои во македонските еврејски општини наоѓале заштита од црковните прогони.

Нив македонските Евреи ги нарекувале Ашкенази, кои зборувале на еврејски дијалект со многу германски зборови. Тие, бидејќи не го знаеле елинскиот јазик, не се зачленувале во „романиотските“ еврејски општини, како што биле нарекувани, туку си создале свои ашкенски општини, какви што имало во Солун и Едрене.

Турските владетели и народот не биле заедно со антиеврејските пропаганди, и кон Евреите се однесувале како и кон сите други немуслимански народи, и имале исти граѓански права, а еврејските рабини се изедначиле со христијанските свештеници. Тие, имале право да живеат секаде во империјата, да ја проповедаат својата вера и без пречки да тргуваат.

Најмногу Евреи во овој период имало во градовите Битола, Охрид, Бер и Костур каде постоеле еврејски општини. Благодарение на Евреите, градот Солун, станал значаен трговски и текстилен центар, но во Солун биле населени и многу Турци, така што градот добил и ориентален елемент. Способните Евреи, биле ценети од страна на Турците, а тоа се докажува со изборот на неколку еврејски рабини, од страна на султанот, во државниот совет, таканаречен Диван. Султанот Мехмед II  многу од Евреите преселил во Охрид и во Цариград, каде сè до XIX век постоела Охридската синагога.








**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**